ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 904:726.821]:27-523.6(497.785)"653"
904:726.821(497.785)"652"

Владимир МИЛАНОВСКИ
vladimirmilanovski@yahoo.com

# ГРОБОВИ ИЗДЛАБЕНИ ВО КАРПА ОД МАНАСТИРОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА - ТРЕСКАВЕЦ
## (Прилог за погребувањето во Трескавец II. дел)

**Клучки зборови:** *Манастир Трескавец, антична населба Колобаиса, некропола Гумење, погребни објекти/гробови издлабени во карпа.*

**Апстракт:** *Под површината на денес видливиот средновековен манастирски комплекс Трескавец постоела цивилна населба именувана Колобаиса, која опстојувала низ целиот антички период. Ова е потврдено со наодите пронајдени при археолошките ископувања во 1959 година на некрополата Гумење, како и со многубројните надземни антички остатоци. Во овој прилог ќе ги претставиме формите на погребните објекти издлабени во карпа, како и новите сознанија за површината на која се простирала некрополата на населбата Колобаиса. Преку споредба со подобро истражените некрополи со гробови од овој тип во поблиската околина, го следиме периодот на нивното создавање и континуираната употребата во античкиот и средновековниот период.*

Манастирот Успение на Пресвета Богородица – Трескавец се наоѓа во северниот дел на старата македонска област Пелагонија, во близина на градот Прилеп. На ова место во 1959 година се направени првите сондажни археолошки истражувања, предводени од Народниот музеј Прилеп. При истражувањата е откриена голема некропола на локалитетот Гумење,[1] каде што се вршело погребување речеси осумстотини години, поточно во периодот од 4.-3. век пред н. е., до 4.-5. век.[2] Оваа некропола припаѓала на античката населба Колобаиса и што е најважно, таа не е само на површината на локалитетот Гумење. Археолошкиот локалитет Гумење се наоѓа на ширина, околу 300 метри јужно под манастирот, како што е забележано во претходните итражувања.[3] Таа продолжува во северен правец, проследена преку неколку групи гробови издлабени во карпа, а последната е околу 200 метри северно над манастирот на местото наречено Клепало. Ова се најчесто групи гробови (до 5 или 6 гробови издлабени во карпа во една група), кои се поставени покрај патот кој водел до градските порти на античката Колобаиса. Позиционирањето на гробовите покрај патиштата е познато уште од праисториската епоха, што денес ни помага при препознавање на линијата на движење на старите патишта. Така овие гробови го покажуваат стариот пат од село Дабница, кој на повеќе места е многу добро сочуван. Тој поминува покрај некрополата Гумење и потоа продолжува покрај манастирот северно, кон врвот Златно Јаболко (1422 м), каде што во раната антика се наоѓал центарот на населбата. Подоцна во римскиот период населбата се шири и просторот од локалитетот Клепало до зооглифот Лав станува обѕидано подградие.

Еден дел од раноантичката некропола подоцна влегува во површината на обѕиданото подградие. Поточно тврдината во овој дел од населбата е изградена кон крајот на римско-хеленистичкиот период.

Прашањето за потеклото на гробните форми издлабени во карпа и за носителите на оваа пракса е комплицирано. Тие претставуваат изолирана групација лоцирана на неколку локалитети од

[1] Милановски В., Некрополата "Гумење" кај манастирот Трескавец (Прилог за погребувањето во античката населба Колобаиса), Патримониум.мк, Скопје, 18/2020, 137-144;

[2] Бабиќ Б., Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и Прилепскиот крај (група автори), Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том 4 Скопје 1981, 37, истиот Трескавец – прастаро култно седиште Македоније, Суботица 1968, 629;

[3] Коцо Д., Грозданов Ц., *Археолошката карта на Република Македонија*, Том II Скопје 1996, 313;


Манастир Успение на Пресвета Богородица Трескавец
Античка Колобаиса
1200
1250
1300
1350
1400
1422 m
1. Некропола Гумење
2. Гробови издлабени во карпа покрај патот
3. Гробови во карпа под Лавот
4. Антички архитектонски елементи
5. Ранохристијанска и средновековна црква
6. Трпезарија и магерница
7. Објекти 1, 2, 3 и 4
8. Тврдина
9. Бунар
10. Гробови во карпа Клепало
11. Акропола, командна кула
12. Врвот Златно Јаболко
Владимир Милановски 2012©

овој дел на Пелагонија.[4] Забележани се на локалитетите Маркови Кули, Бонче, Висока, Прилепец, Кален, Баба, Богданова Нива-Чаниште, Крушевица, Градина и на други локации.[5] Можноста дел од овие гробови да се употребувале уште од македонско-хеленистичкиот период е потврдена со најновите истражувања на некрополите на локалитетот Кукул кај Прилеп[6] и исто така постои можност да имаат врска со гробниците издлабени во карпа.[7]

Според досегашните проучувања кај нас, гробовите издлабени во капра поделени се на три основни типа:[8]

А – **гробови со правоаголна основа** (антички, со секундарна употреба низ среден век)

Б – **гробови со трапезоидна основа** (средновековни)

В – **антропоморфни гробови** (средновековни)

Поделаба на трите основни типа во понатамошните истражувања неопходно е да се прошири, со цел подетално проучување и попрецизна датација на нивната појава и развој.

### Гробови со правоаголна и трапезоидна основа

На површината на теренот околу манастирот Трескавец, видливи се над 30 гробови со правоаголна и со трапезоидна основа, од кои веројатно многу мал број се интактни. Во понатамншниот текст претставуваме 16 од нив, кои се групирани на три позиции и се целосно откопани, поради што бевме во можност да ги документираме само нив. Некои од тие гробови најверојатно се ископани во археолошките истражувања од 1959 година, а некои илегално во поново време.

**Првата група** се состои од 6 гробови кои уште претходно биле забележани како "некропола од римско време".[9] Се наоѓаат на местото наречено Клепало, поточно на околу 220 метри северно од глевниот влез во манастирот. Овој простор е изложен на силна ерозија, карпата околу гробовите е чиста и прегледна. Во блиската околина многу мала е можноста да има и други гробови покрај споменатите. Според димензиите во 4 биле погребани возрасни единки, еден е детски и еден бебешки.

Ги обележавме со броевите од 1 до 6, ориентирани север-југ со помали отстапки кон северозапад, а гробовите со број 1 и 2 имаат ориентација северозапад/југоисток.

Гробот број 1 има должина 207 см, ширина во горниот дел од 58 см, во долниот дел 42 см и длабочина 48 см. Од левиот долен агол на овој гроб, права линија, пукнатина во карпата поминува покрај гробот број 4 и се спојува со гробот број 5.

Гробот број 2 е долг е 200 см, во горниот дел ширината е 54 см, доле 48 см и длабок 57 см.

Гробот број 3 од источната страна во средината се шири, а кон краевите се стеснува. Должината на гробот е 202 см, ширината во горниот дел е 60 см, а во долниот 50 см, длабок е 46 см.

Гробот број 4 како и претходниот има заоблени рабови, должина 86 см, ширина во горниот дел 23 см, во долниот дел 18 см и длабочина 20 см.

Гробот број 5 исто така има заоблени рабови, должина 135 см, ширина во горниот дел 38 см, во долниот дел 28 см и длабочина 25 см.

Гробот број 6 има правоаголна форма и заоблени рабови. Се забележува жлеб покрај страничниот и горниот раб за покривната плоча. Долг е 192 см, широк 50 см и длабок 48 см.

**Втората група** се состои од 5 гроба, што се наоѓаат на околу 150 метри јужно од главниот влез во манастирот. Поставени се на две карпи покрај стариот неасфалтиран пат. 4 гроба се на северната страна од патот и уште еден на околу 5 метри од другата страна. Нумерирани се со редните броеви од 7 до 11. Според димензиите во петте гроба биле погребани возрасни единки. Покрај оваа група гробови на површината на теренот во непосредната околина се забележуваат уште неколку неистражени групи, коишто се спојуваат во една целина со некрополата на локалитетот "Гумење".

Гробот број 7 има трапезоидна форма, должина 185 см, ширина во горинот дел 54 см, во долниот дел 35 см, длабочина 38 см. Ориентацијата на гробот е запад – исток, со мали отстапки кон северозапад – југоисток.

---

[4] Атанасовски Б., Три некрополи од рановизантиски период, Балканославика бр. 13-15, Прилеп 1996, 78; Mikulčić I., Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Augusta, Beograd - Skopje 1966, 81;

[5] Објекти издлабени во карпа од прилепско, Macedonia Acta Archaeologica бр. 14 Скопје 1996, 146, 147; истиот, Три средновековни некрополи од Прилепско, Македонско наследство бр. 19 Скопје 2002,/Three Medieval necropolis from the Prilep Area, Macedonian Heritage, Skopje 2002, 2-52;

[6] Миткоски А. и Темелкоски Д., Некрополите на локалитетот Кукул кај Прилеп, Археолошки информатор бр. 3, Прилеп 2019, 27-36;

[7] Mikulčić I., 1966, 80, 81; Миткоски А., 1996, 146;

[8] Миткоски А., 1996, 145-147;

[9] Коцо Д., Грозданов Ц., 1996, 313;




1. Гробови издлабени во карпа од Клепало, фото В.М. 2011

Гробот број 8 има централна позиција и неправилна правоаголна форма. Должина 174 см, ширина 50 см и длабочина 25 см. Ориентација северозапад – југоисток.

Гробот број 9 има трапезоидна форма со заоблени рабови, карпата е оштетена и едната страна од гробот е откршена. Должина 190 см, ширина во горниот дел 47 см, во долниот дел 28 см и длабочина 30 см. Ориентацијата е северозапад – југоисток.

Гробот број 10 е со тарпезоидна форма, заоблени рабови и има жлеб за подобро вклопување на покривната плоча. Поради оштетеноста на карпата, кај овој гроб оштетен е долниот дел. Должината изнесува 168 см, ширина во горниот дел 43 см, во долниот дел 32 см и длабочина 36 см. Ориентацијата е југозапад – североисток.

Гробот број 11 е на другата страна од патот. Има трапезоидна форма и поради оштетеноста на карпата оштетена е едната страна од долниот дел од гробот. Должината изнесува 184 см, ширина во горниот дел 55 см, во долниот 32 см и длабочина 55 см. Ориентиран е југозапад – североисток.

**Третата група** се наоѓа на околу 100 метри јужно од манастирот, под зооглифот Лав. Во оваа група има вкупно 5 гробови, обележани со броевите 12 до 16. Според димензиите и во овие пет гробови биле погребани возрасни единки. Со минимални отстапки ориентирани се кон југоисток.

Гробот број 12 има изразена трапезоидна форма и заоблени рабови. Должината е 213 см, ширина во горниот дел 60 см, во долниот дел 26 см и длабочина 38 см.

Гробот број 13 има неправилна правоаголна форма и заоблени рабови. Должина 185 см, ширина 46 см и длабочина 30 см.

Гробот број 14 е со неправилна правоаголна форма и заоблени рабови. Секундарно оваа гробна јама била проширена (југозападната страна).




2. Гробови издлабени во карпа покрај патот, фото В.М. 2011

Има должина 196 см, ширина 84 см и длабочина 53 см.

Гробот број 15 има трапезоидна форма и заоблени рабови. Должината е 175 см, ширина во горниот дел 50 см, во долниот дел 36 см и длабочина 55 см.

Гробот број 16 има правоаголна форма и странични жлебови за подобро вклопување на покривната плоча. Долг е 225 см, широк 52 см и длабок 58 см.

**Гробови со антропоморфен облик**

Гробовите со антропоморфен облик претставуваат археолошки објекти кои се издлабени во карпа и имаат форма на човечка фигура. Во светот овие гробови се најчесто поврзани со праисториските и античките култури и најчесто во нив биле погребани истакнати личности. Антропоморфните гробови се интересни за истражување во археологијата и ни помагаат да разбереме повеќе за старите култури и верски обичаи. Тие можат да ни дадат важни информации за обредите на погребување и верските уверувања на древните култури, како и за начинот на живот и културните аспекти на луѓето кои ги изработувале и користеле истите.

Според некои научници, смислата на антропоморфниот облик на гробовите ја гледаат во идејата на воскресението, многу прецизно разработена во иконографската тема Воскресение на Лазар. Оваа тема била многу популарна во ранохристијанскиот период.[10]

---

[10] Бабиќ Б., Материјалната култура на македонските словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, Прилеп 1986, 268; Denoit F., Le sarkophage 29, Dictionarie 2009-2039;




3. Гробови издлабени во карпа под Лавот, бр. 12, 13 и 14, фото В.М. 2011




4. Гробови издлабени во карпа под Лавот, бр. 15, фото В.М. 2011

Во 1959 година при археолошките истражувања на подподниот дел на јужната страна од надворешната припрата на црквата на манастирот Успение на Пресвета Богородица Трескавец, се откриени шест гробови од антропоморфен тип. Гробови од овој тип не се регистрирани на средновековните некрополи ширум Балканот и поради тоа нивното потекло често може да се поврзе со доцноантичката и рановизантиската традиција (ранохристијанските саркофази со алвеола за главата од 5. и 6. век од Цариград). Подоцна антропоморфните гробови во Македонија се застапени во црквите на Свети Наум Охридски - Манастирот Св. Наум и гробот на Свети Климент Охридски во неговата црква на Плаошник, околу црквите во Варош - Прилеп и на некрополата на Маркови Кули – Прилеп. Се претпоставува дека во нив биле закопувани челните црковни свештеници, ктитори и светители.[11]

[11] Бабиќ Б., 1986, 267, 268;




5. Гробови издлабени во карпа под Лавот, бр. 16

**Заврши разгледувања**

Во Пелагонија уште од древните времиња луѓето ги користеле природните форми на карпите, за одржување на погребни обреди и за однос со покојниците во нивниот живот по животот. Но гробовите издлабени во карпа од Пелагонија претставуваат значаен аспект од античката македонска материјална култура и нудат солиден извор на информации за тогашните верувања и обичаи на Пелагонците кои живееле во тој регион пред повеќе од две илјади години и во вековите напред. Во различните антички цивилизации, карактеристичниот стил на гробовите може да се разликува во зависност од периодот, регионот и културата. Гробовите издлабени во карпа, претставуваат погребна практика која била застапена во Пелагонија низ антиката и средниот век.

Во изминативе неколку децении колегите од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп и ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, истражија голем број гробови издлабени во карпа од локалитетите Трескавец, Маркови Кули, Градина, Баба-Кукул и др.

Поточно, уште во четириесеттите години од минатиот век проф. д-р Никола Вулиќ пишува за гробовите во карпа од Трескавец и за нивната содржина:

- имаат по некој керамички фрагмент или воопшто немаат прилози.[12]

Подоцна истражувањата на Народниот музеј Прилеп во 1959 година ја потврдиле присутноста на кремацијата како погребен ритуал во гробовите од овој тип, вклучувајќи и еден наод, рачка од кантарос која покажува крајна развојна фаза, поточно силна дегенерација на тој класичен облик, датирајќи го гробот веројатно во рамките на 2 век пред Хр.[13]

На Маркови Кули во Прилеп систематски се истражени повеќе некрополи со гробови од овој тип. Според артефактите што се поронајдени се гледаат етнички и културни обележја на населението од пошироките балкански простори и се датираат во рамките на 5. и 6 век (два фолиси, еден полуфолис, поединечни монистра од ѓердан, бронзена нараквица со отворени краеви и делови од накит) и подоцна. Во некои гробови има секундарна употреба во средноековието, потврдено со материјални остатоци хронолошки определи-

[12] Вулић Н., Гробнице и гробови у стени, Споменик XCIII 1941-48, Београд 1949, 193, 194; Mikulčić I., 1966, 77;

[13] Mikulčić I., 1966, 77 и 81;



6. Различни типови на антропоморфни гробови од црквата во Трескавец, фото Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп, 2014

ни во 12. и 13 век.[14] На овој локалитет истражени и документирани се над сто гробови и во ниту еден не е пронајден постар материјал од рановизантискиот период.[15] Постојат индиции дека овие гробови се секундарно употребени во рановизантискиот период (5. и 6. век), како што е тоа случај во средновековието.

На локалитетот Баба - Прилеп, во еден од гробовите издлабени во карпа со изжлебани рабови и со трапезоидна основа, пронајден е ѓердан од 208 перли од стакло и стаклена паста, со различен облик, боја и големина. Овде посебно се издвојуваат неколкуте повеќечлени перли со различна дебелина, кои се моделирани од стакло со зеленкаста боја, дополнително прекриени со сребренеста лушпа. Според аналогии се датираат во периодот од 9. до 11.век.[16]

Во 2002 година во близина на Маркови Кули, на местото "Градина" случајно е откриена уште една доцносредновековна некропола. Истата година се изведени заштитни археолошки ископувања при кои на дел од некрополата се отворени 24 гробови. Во гробовите со број 7 и 13 кои се целосно издлабени во карпа, пронајдени се три доцно средновековни, "чанкасти" монети.[17]

Во јуни 2005 отворени се 8 сонди, 6 во внатрешноста и две од надворешната страна на црквата Успение на Пресвета Богородица-Трескавец (види цртеж 07). Во сондата број 3 под нивото на подот се констатирани три недопрени гробови, а гробни конструкции се констатирани и во сондата број 10, кои се откриени само до нивото на покривните плочи. Врз плочата од еден од гробовите е најдено поголемо грне од печена земја со една лентаста рачка, датирано кон крајот на 14 век и почетокот на 15 век. Со овој период може да се поврзат и погребувањата во интактните гробови од сондата број 3.

Во 2011 година документирани се неколку групи издлабени гробови, распоредени околу карпестиот терен на локалитетот Баба-Кукул. Според карактеристиките на гробовите и ретките движни наоди, повеќето од нив хронолошки се сместуваат во средновековниот период. Посебно значајна е групата Кукул-Некропола 4, која претставува простор за погребување во доцнохеленистичкиот период. Позначајни наоди се: фрагмент од ехинус чинија и шест мали железни клинци за обувки од гробовите 1 и 6. Во истражениот простор помеѓу гробовите пронајдени се неколку керамички фрагменти од садови типични за доцнохеленистичкиот период, еден керамички тег астрагален тип и еден масивен краток железен клинец. Според истражувачите, споменатите наоди се датирани во времето на владеењето на последните антички македонски кралеви.[18]

Можноста гробовите издлабени во карпа да биле користени кон крајот на раната антика се потврдува со наодот од Трескавец, фарагмент од керамички сад - кантарос од 2. век пред Хр. и со наодите од групата гробови од Кукул - Некропола 4. Во Трескавец е евидентирана кремација при раноантичките погребувања во гробовите издлабени во карпа, во Кукул не. Во секој случај ова претставува најрана датација на употреба на овој тип погребни објекти, констатирана пред повеќе децении во Трескавец, а од пред неколку години и на Баба - Кукул.

Подоцна, на локалитетите Маркови Кули, Градина, Баба и Трескавец нивната употреба е потврдена во рановизантискиот период 5. и 6. век и од

14 Атанасовски Б., 1996, 80, 81; Бабиќ Б., 1986, 264-266

15 Атанасовски Б., 1996, 80, 81

16 Миткоски А., 1996, 146-147

17 Миткоски А., 2002, 2-52

18 Миткоски А. и Темелкоски Д., 2019, 35;




7. Манастир Трескавец, основа на црквата со претстава на сондите: 1, 3, 5, 6, 7, 8, 10, 11;

(Кепеска Љ., Манастирскиот комплекс Трескавец – Прилеп, Македонски Археолошки Преглед бр. 1, Скопје 2008, 321-328;)

10. век па сé до 15. век и подоцна. Дали 7. и 8. век не се посведочени поради тоа што не се пронајдени предмети кои би го потврдиле овој период, е прашање на коешто треба да се посвети посебно внимание преку анализа на остеолошкиот материјал. Постојат индиции дека овие некрополи биле користени еден подолг временски период во континуитет. Гробовите издлабени во карпа кои имаат различна форма и длабочина, со или без жлеб за покривна плоча, поставени еден покрај друг, но со различна ориентација создадени се во подолг и различен временски период. На некрополите на Маркови Кули, коишто се најдобро истражени е забележана повеќекратна употреба на гробните јами. На некои позиции има длабења на неколку гробови еден преку друг, на исто место само со различна ориентација. После некој подолг временски период на егзистенција на една иста локација доаѓа до потреба од повторна употреба на постарите гробни конструкции. Според тоа можеме да забележиме дека преку реупотребата на истиот простор и истите гробни конструкции можеби се потврдува еден подолг континуитет на живеење на едно исто население во овој регион од антиката и низ средновековниот период. Најбитниот факт што може да го согледаме тука е тоа што во минатото како и денес, различните етнички и културни заедници не се погребуваат на ист начин и на една иста некропола. Сето погоре наведено укажува на тоа дека гробовите издлабени во карпа се еден од ретките показатели преку кој можеме да го проследиме континуираниот опстој од крајот на антиката и низ средновековието на староседелското македонско население што живеело на овие простори пред и после големите преселби.

Vladimir MILANOVSKI

# GRAVES CARVED INTO THE ROCK FROM THE MONASTERY OF THE ASSUMPTION OF THE MOST HOLY MOTHER OF GOD - TRESKAVEC

(Contribution for the burial in Treskavec, part II.)

*Summary*

**Key words**: *Treskavec Monastery, Ancient Kolobaisa, Necropolis Gumenje, burial facilities / graves carved into the rock.*

Beneath the surface of today's visible medieval monastery complex Treskavec, existed sacral settlement named Kolobaisa, which has existed throughout the antic period. This is confirmed by the findings found during the archaeological excavations in 1959 at the Gumenje necropolis and with the numerous above-ground ancient remains. In this article we present the shapes of buried objects carved in rock, as well as the surface of the ancient necropolis. With the latest research we find out that the necropolis is not just at the locality Gumenje, as noted in previous research. It spreads north from the monastery, along the Zooglyph Lion to the site Klepalo. In Pelagonija there are three types of graves carved in rock: rectangular, trapezoidal and anthropomorphic. In Treskavec we confirmed all three types. In this text we are presenting 16 graves carved in rock, witch have a trapezoidal and a rectangular shape.

The graves carved into the rock were first used in the Hellenistic period. This is confirmed by the finds from Treskavec, one from them is a fragment of a ceramic vessel - kantharos dated in the 2nd century BC and by the finds from the group of graves from Kukul-Necropolis 4. This represents the earliest dating of the use of this type of burial facilities, ascertained several decades ago in Treskavec, and from a few years ago also in Baba-Kukul.

Later, at the localities of Markovi Kuli, Gradina, Baba and Treskavec, their use was confirmed in the early Byzantine period, 5$^{th}$ and 6$^{th}$ centuries and from the 10$^{th}$ century until the 15$^{th}$ century and later. Whether the 7$^{th}$ and 8$^{th}$ centuries are not attested due to the fact that no objects were found that would confirm this period, is a question that should be given special attention through the analysis of the osteological material. There are indications that these necropolises were used continuously for a long period of time. The graves carved into the rock of different shapes and depths, with or without a groove for a roof slab, placed next to each other, but with different orientations, were created over a longer and different period of time. In some positions, there are several graves one above the other, in the same place only with a different orientation. After a long period of existence in one and the same location, there is a need to reuse the older burial structures. Therefore, we can note that through the reuse of the same space and the same grave constructions, a longer continuity of living of the same population in this region from antiquity and throughout the medieval period may be confirmed. The most important fact that we can see here is that in the past as well as today, different ethnic and cultural communities are not buried in the same way and in the same necropolis. All of the above indicates that the graves carved into the rock are one of the few indicators through which we can trace the continuous existence from the end of Antiquity and throughout the Middle Ages of the indigenous Macedonian population that lived in these areas before and after the great migrations.

*Translated by Marjana Marjanovikj - Apostolovski, PhD*